| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Расцветана градина |
| **Содржина на денот** | Расцутено дрво |
| **Возраст** | 2-3 год. |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики - демонстрација како правилно треба да се користи сликарскиот ликовен материјал и негово одржување после секоја употреба. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со кратка прошетка во блиската околина, каде заедно со детето ќе бидете во можност да набљудувате и да водите разговор како изгледа дрвото во пролет. Потоа со детето се води разговор за неговите впечатоци и сознанија од виденото за време на прошетката.<br>На тој начин детето се воведува во активноста на тема: „Печатење расцутено дрво“ и се запознава со потребниот материјал кој се состои од лист од блок за цртање, темперни бои, стапчиња за уши, печати направени од виледа во облик на цвет.<br>Детето набљудува и се запознава со процесот на нанесување на печатот, како го држи печатот, како да печати еден до два отисока со ист печат. Исто така детето може да се обиде да печати со сув и необоен печат, како и со печат премачкан со боја и да заклучи кој печат остава трага.<br>На лист хартија од блок, на кој претходно е насликано дрво од страна на возрасниот, детето самостојно со печат, направен соодветно за неговата возраст ќе печати „Расцутено дрво“- печатот може да биде и со отпечаток од детскиот прст или отпечаток од виледа во форма на цвет ( по желба на детето).<br>Готовата изработка детето со помош на возрасниот може да ја изложи во ликовното катче во домот.<br>Активноста завршете ја со слушање на песната „Пролет“.<br><br>Во прилог линк од песната: „Пролет “ –Поточиња 2016 год.<br>https://www.youtube.com/watch?v=4YFwnu2qihQ |